Предлог

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 21 став 1, 2 и 3 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост(„Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 275/19, 122/21 и 193/25) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес” бр.01/26), по предлог на Градоначалникот

Советот на Општина Велес на 18-та седница одржана на ден __.11.2026 година, донесе

О Д Л У К А
за давање на трајно користење на дел од недвижна ствар од КП бр.1766 КО Велес на Министерството за внатрешни работи

Член 1

Општина Велес запишана е со право на заедничка сопственост на недвижна ствар која се наоѓа на КП бр.1766 ул.„Панко Брашнар“, зграда 2, влез 1, кат–К1, намена-помошна просторија со вкупна површина 139м^2 евидентирано во Имотен лист 23411 во КО Велес.

Член 2

Дел од заедничката сопственост на недвижна ствар од член 1 од оваа одлука се дава на трајно користење без надоместок на Министерството за внатрешни работи за потребите на Секторот за внатрешни работи Велес.

Член 3

Оваа одлука претставува основ за запишување во Јавната книга за запишување на правата на недвижностите.

Член 4

Со влегување во сила на оваа одлука, Одлуката на Советот на Општина Велес со бр.09-4182/4 од 02.10.2026 година („Службен гласник на Општина Велес“бр.11/26) престанува да важи.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес“.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Образложение

На 16-та седница одржана на ден 02.10.2026 година, Советот на Општина Велес донесе Одлука за престанок и давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерство за внатрешни работи, со бр.09-4182/4 од 02.10.2026 година, донесена од страна на Советот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“бр.11/26).

По доставување на одлуката во Агенција за катастра на недвижности Велес заради спроведување на истата во катастарската евиденција, доставена е од нивна страна Потврда бр.1116-609/2026 од 29.10.2026 година со која ја одбиваат пријавата за запишување на промената во катастарот на недвожности поради несоодветност на податоците. Наведено е дека одлука може да биде правен основ за давање на користење на делот од заедничката сопственост, но не и престанок на правото на сопственост.

Врз основа на горенаведеното, се предлага оваа Одлука до Советот на Општина Велес.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ
1116-609/2026 од 29.10.2026 15:13:45

Податоци за сертификатот на овластеното лице
Сертификатот е издаден на: Павлинка Мемедовска
Издавач: Makedonski Telekom CA
Сериски број: 6e11a903
Валиден до: 06.12.2026
Датум и час на потпишување: 29.10.2026 во 15:13:55
Документот е дигитално потпишан и е правно валиден

1116-609/2026

Врз основа на член 207 став (2) од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија“ бр. 55/13, 41/14, 115/14, 116/15, 153/15, 192/15, 61/16, 172/16, 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 124/19 и 155/24), Агенцијата за катастар на недвижности, Одделение за катастар на недвижности Велес издава

П О Т В Р Д А

за одбивање на пријавата за запишување на промена во катастарот на недвижностите поради несоодветност на податоците

Се одбива пријавата за запишување на промена во катастарот на недвижностите за КО ВЕЛЕС поднесена од
МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ-ОДДЕЛ ЗА ОПШТИ И ЗАЕДНИЧКИ РАБОТИ-СЕКТОР ЗА РАБОТИ ОД ОПШТА НАДЛЕЖНОСТ-ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИМОТ ИЗГРАДБА И ОДРЖУВАЊЕ, 0000000, ДИМЧЕ МИРЧЕВ 9 - СКОПЈЕ
заведена под број 1116-609/2026 од 29.10.2026.

Образложение за одбивањето: Врска Ваш рег.бр.18.2.2-221187/1 од 16.10.2026г. Наши-Бр.1161-3476/2 од 26.10.2026г. и Бр.1104-377/1 од 29.10.2026г.
Во прилог на Вашето барање доставена е (во фотокопија) - Одлука за престанок и давање на трајно користење на недвижни ствари на МВР донесена од Совет на Општина Велес, под Бр.09-4182/4 на 02.10.2026 година.
Во одлуката, содржината на Чл.1 ,,Со оваа одлука на досегашниот сопственик Општина Велес и престанува правото на заедничка сопственост на недвижна ствар - на КП.бр.1766, згр.2, вл.1, К 1, намена -П, со вкупна површина 139М2 во ИЛ.бр.23411 КО Велес,, Е контрадикторен со содржината на чл.2 ,,Недвижната ствар од чл.1 на оваа одлука се дава на трајно користење без надоместок на Министерство за внатрешни работи,,.
Согласно чл.174 ст.1 од Закон за катастар на недвижности, доставената одлука не претставува соодветен подобен правен основ за да се изврши бараната промена. Одлука може да биде основ за давање на користење на делот од заедничката сопственост на Општина Велес на користење на недвижноста, но не е основ за престанок за правото на заедничка сопственост на Општина Велес со РСМ, за кој што треба да има соодветен правен основ за престанок на заедничката сопственост, кој е новиот сопственик по престанокот врз основа на законска

Службено лице

М.П.

Павлинка Мемедовска

(име и презиме, потпис)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ
1116-609/2026 од 29.10.2026 15:13:45

1116-609/2026

одредба, согласност од РСМ.

ПРАВНА ПОУКА:
Оваа потврда е конечна и извршна, а против истата е дозволена тужба пред Управниот суд во рок од 15 дена од денот на приемот на потврдата.

Службено лице

М.П.

Павлинка Мемедовска

(име и презиме, потпис)

Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи

Биро за јавна безбедност
СВР -Велес, ОЗР Велес
Рег. бр. 23.233-200836/1
Велес, 25 SEP 2026 г.

СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
25 -09- 2026
Бр. 16-4078/1 Вредност 2

Архивски знак 0906
Рок на чување трајно
20 год
Потпис,

ДО
ОПШТИНА ВЕЛЕС

Предмет: Барање за добивање согласност, доставува-

Почитувани,

Ве известуваме дека од страна на СВР Велес е поднесено барање и започната правна постапка за доделување на правото на користење на дел од недвижен имот за кој носител на право на сопственост е Република Северна Македонија.

Во предметната постапка е утврдено дека во рамки на просториите кои се предмет на постапката се наоѓа и просторија која претставува помошна просторија, запишана во Имотен лист бр.23411 за КО Велес, во квадратура од 11,98 м2 од вкупно 139 м2 на која носители на правото на сопственост се запишани Република Македонија и Општина Велес – заедничка сопственост.

Напоменуваме дека наведената просторија е дел од функционална целина на просторот кој СВР Велес има намера да го користи за извршување на работните задачи и нормално функционирање на ЦИК и Безбеден град.

Имајќи го во предвид фактот дека на горе наведената помошна просторија Општината има право на сопственост, а со цел комплетирање на документацијата во правната постапка за доделување на правото на користење на дел од недвижен имот и овозможување на законско регулирање на правото на користење на целокупниот простор, бараме од Ваша страна да добиеме согласност за пренесување на правото на трајно користење во корист на Министерството за внатрешни работи врз недвижен имот - помошната просторија запишана во Имотен лист 23411, за КО Велес, КП 1766, дел 0 на ул. Панко Брашнар", Намена на зграда – помошни простории, влез 1, кат 1, бр./ во површина од 11,98 м2 од вкупно 139 м2, согласно податоците од Агенцијата за катастар на недвижности.

Искрено се надеваме дека ќе излезете во пресрет на нашето барање, се во интерес на непречено извршување на работењето на полициските службеници во Секторот за внатрешни работи Велес.

Горе наведеното Ви го доставуваме за Ваша надлежност и понатамошно постапување.

Со почит,

Прилог: Имотен лист број 23411 за КО Велес – во фотокопија.

Доставено до:
-насловот
-архива.

Република Северна Македонија Министерство за внатрешни работи Сектор за внатрешни работи * Велес *

Началник на СВР Велес
Бране Паласков

Изработил:
Самостоен советник за ПР и УЧР
Ружица Стојанова

Согласен:
Началник на ОЗР
Станислава Ристовска Велкова

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ
1105-10454/2026 од 19.08.2026 08:42:55

1105-10454/2026

ИМОТЕН ЛИСТ број: 23411 ПРЕПИС

Катастарска општина: ВЕЛЕС

ЛИСТ А1 ПОДАТОЦИ ЗА НОСИТЕЛОТ НА ПРАВОТО НА СОПСТВЕНОСТ

Бр.	ЕМБГ / ЕМБС	Име и презиме / Назив	Адреса / Седиште	Дел на недвижност	Правен основ на запишување	Бр. на пред. по кој е извршено запишување	Датум и час на запишување
1	***	ОПШТИНА ВЕЛЕС	ВЕЛЕС	0/0		181 / 1	09.04.2001
2	***	РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА		0/0		181 / 1	09.04.2001

ЛИСТ Б ПОДАТОЦИ ЗА ЗГРАДИ, ПОСЕБНИ ДЕЛОВИ ОД ЗГРАДИ И ДРУГИ ОБЈЕКТИ И ЗА ПРАВОТО НА СОПСТВЕНОСТ

Број на катастарска парцела		Адреса (улица и куќен број на зграда)	Бр. на зграда/друг објект	Нам. на згр. и друг. об.	Намена на згр. преземена при конверзија на податоците од стариот ел.систем	Влез/Кат/Број на посебен/заеднички дел од зграда			Намена на посебен/заеднички дел од зграда	Внатрешна површина во м2	Отворена површина во м2	Волумен во м3	Сопственост / сосопственост / заедничка сопственост	Право преземено при конверзија на податоците од стариот ел.систем	Бр. на еид лист	Бр. на пред. по кој е извршено запишување	Датум и час на запишување
основен	дел					Влез	Кат	Број									
1766	0	УЛ ПАНКО БРАШНАР БР 1	1		ПОМОШНИ ПРОСТОРИИ	1	2			79				833		1112-1415/2026	18.08.2026 16:16:41
1766	0	УЛ ПАНКО БРАШНАР БР 1	1		ПОМОШНИ ПРОСТОРИИ	1	3			83				833		1112-1415/2026	18.08.2026 16:16:41
1766	0	УЛ ПАНКО БРАШНАР БР 1	1		ПОМОШНИ ПРОСТОРИИ	1	4			81				833		1112-1415/2026	18.08.2026 16:16:41
1766	0	УЛ ПАНКО БРАШНАР БР 1	1		В4-10	1	К 1	0	П	343			ЗАЕДНИЧКА СОПСТВЕНОСТ			1112-1415/2026	18.08.2026 16:16:41
1766	0	УЛ ПАНКО БРАШНАР БР 1	1		В4-10	1	ПО	0	П	168			ЗАЕДНИЧКА СОПСТВЕНОСТ			1112-1415/2026	18.08.2026 16:16:41
1766	0	УЛ ПАНКО БРАШНАР БР 1	1		В4-10	1	ПР	0	П	269			ЗАЕДНИЧКА СОПСТВЕНОСТ			1112-1415/2026	18.08.2026 16:16:41
1766	0	УЛ ПАНКО БРАШНАР	2		В4-10	1	К 1	/	П	139			ЗАЕДНИЧКА СОПСТВЕНОСТ			1112-1415/2026	18.08.2026 16:16:41
1766	0	УЛ ПАНКО БРАШНАР	2		В4-10	1	ПО	/	П	48			ЗАЕДНИЧКА СОПСТВЕНОСТ			1112-1415/2026	18.08.2026 16:16:41
1766	0	УЛ ПАНКО БРАШНАР	2		В4-10	1	ПР	/	П	109			ЗАЕДНИЧКА СОПСТВЕНОСТ			1112-1415/2026	18.08.2026 16:16:41

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ
1105-10454/2026 од 19.08.2026 08:42:55

1105-10454/2026

ИМОТЕН ЛИСТ број: 23411 ПРЕПИС
Катастарска општина: ВЕЛЕС

Легенда на внесени шифри и кратенки	
Шифра	Опис
833	ПРАВО НА ЗАЕДНИЧКА СОПСТВЕНОСТ
П	помошна просторија
ПОМОШНИ ПРОСТОРИИ	ПОМОШНИ ПРОСТОРИИ
В4-10	други државни органи

Тип	Опис
Препис	Цела содржина од имотниот лист

М.П.

Овластено лице:
Оливер Дојчиновски
име и презиме, потпис

ОПШТИНА ВЕЛЕС
- одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура
бр. _____ _____ _____ година
Велес

ЗАПИСНИК БР. _____
за извршен увид на лице место

По барање бр. 23.233-200836/1 од 25.09.2026 поднесено до МВР Велес, спроведен е увид на лице место согласно член 197 од Законот за општата управна постапка („Сл.весник на РМ" бр. 38/05,110/08) и составен записник согласно член 72 од Законот за општата управна постапка („Сл.весник на РМ" бр. 38/05,110/08).

Службеното лице Јадранка Илијевска и Анита Пивкова, а во присуство на: Станислава Велиова со стан на ул. _____ бр. _____ Велес, на ден 30.09.2026 година, во 11 часот, на _____ изврши увид на лице место.

Од извршениот увид на лице место констатирана е следната состојба:

На ден 30.09.2026 се изврши увид на лице место во КП 1766 зг. 2 на кат 1 влез 1 во просторија - ходник и скали кои на лице место се во функција на околните канцелариски кои ги користи МВР-СВР Велес. Просториите се запишани во ИЛ бр. 23411 на име Општ. Велес и РСМ во заедничка сопственост. Општина Велес на лице место не ги користи и не се во функција на просториите кои ги користи Општина Велес

Забелешки од присутните: _____

Записникот е изработен во 3 (три) примероци.

Присутни при увидот:
1. [signature]
2. [signature]

Службено лице кое врши увид
_____


H






H